SONY

4-586-525-11(1)

# Дигитална 4K видео рекордер
# Дигитален HD видео рекордер

Упатство за употреба

FDR-X3000/HDR-AS300/HDR-AS50

**Македонски**

### Запис за сопственикот
Името и сериските броеви се поставени на дното од уредот. Запишете го серискиот број во местото обезбедено подолу. Видете ги овие броеви секогаш кога се обраќате во Sony продавницата за овој производ.

Бр. на модел. ____________________

Серискиi бр. ____________________

XAVC S 4K LITHIUM ION MEMORY STICK microSDXC HDMI N

Bluetooth SMART

© 2016 Sony Corporation

http://www.sony.net/

4586525110

## Забелешка за користење

### Wi-Fi/Bluetooth функција
- Камерата користете ја во согласност со регулативите на местото.
- Не може да ја користите Wi-Fi/Bluetooth функција на камерата под вода.

### За работната температура
Камерата е дизајнирана за користење на температура меѓу -10 °C и 40 °C (14 °F и 104 °F). Не се препорачува снимање на многу ладни или топли места кои ја надминуваат оваа температура.

### Забелешки за долго снимање
- Куќиштето и батеријата може да се затоплат при работа – ова е нормално.
- Избегнувајте камерата да ја користите долго време држејќи ја во раце или кога е во директен допир со вашата кожа. Се препорачува да го користите испорачаниот адхезивен држач или водоотпорната кутија или други додатоци по избор.
- При високи температури, температурата на камерата брзо се зголемува.
- Оставете ја камерата околу 10 минути или подолго да се намали температурата на камерата.
- Кога температурата на камерата ќе се зголеми, квалитетот на сликата се намалува. Се препорачува да почекате се додека температурата на камерата не падне пред повторно да снимате.

### За заштита од прегревање
Во зависност од температурата на камерата и батеријата, може да се случи да не може да снимите филм или напојувањето автоматски да се исклучи за заштита на камерата. [icon] ќе се прикаже на екранот на камерата пред напојувањето да се исклучи или нема да може да снимате филмови. Во овој случај, оставете ја камерата исклучена и почекајте се додека температурата на камерата и батеријата не се намалат. Ако го вклучите пред доволно да се оладат, напојувањето може повторно да се исклучи или нема да може да снимате филмови.

### За перформанси за отпорност на прашина и вода
Камерата е отпорна на прашина и вода (до длабочина од 60 m (197 feet) или под вода око 30 минути непрекианто). За забелешки за користење на Подводното куќиште, видете во онлајн Водичот со помош.

### Забелешка за додатоци по избор
Оригинал Sony додатоци може да не се достапни во некои земји/региони.

### Безбедност при користење на безжичен LAN уред
- Да избегнете хакирање, пристап од трето лице и други злоупотреби, проверете дали безжичниот LAN е обезбеден.
- Важно е да дотерате безбедност на безжичниот LAN.
- Ако се случи проблем поради недоволна безбедност или поради непредивдливи услови, Sony Corporation не е одговорен за било какви штети.

### Забелешка за работата на безжичната мрежа
Не преземаме никаква одговорност за било какви штети предизвикани од неовластен пристап или користење, дестинации прикачени на камерата, од губење или крадење.

## Спецификации

### FDR-X3000

| | |
|---|---|
| Формат на сигнал | UHDTV<br>HDTV<br>NTSC боја, EIA стандарди<br>PAL боја, CCIR стандарди |
| Напојување: | Батерија на полнење, 3.6 V (NP-BX1)<br>USB, 5.0 V |
| Батерија на полнење NP-BX1: | Максимален напон на полнење: DC 4.2 V<br>Максимална струја при полнење: 1.89 A |
| USB полнење: | DC 5.0 V, 500 mA/800 mA |
| Отпор.на прскање: | IPX4 (врз основа на наши тестирања) |
| Работна температура: | -10 °C до +40 °C (14 °F до 104 °F) |
| Температура на чување: | -20 °C до +60 °C (-4 °F до +140 °F) |
| Димензии (Приближ.): | 29.4 mm × 47.0 mm × 83.0 mm (1 3/16 in. × 1 7/8 in. × 3 3/8 in.) (Ш/В/Д, со испакнати делови и без испорачаното Подводно куќиште) |
| Маса: | Приближ. 89 g (3.2 oz) (само главно куќиште) |
| Тежина при користење: | Приближ. 114 g (4.1 oz) (вклучувајќи ја батеријата, без испорачаното Подводно куќиште) |

### HDR-AS300

| | |
|---|---|
| Формат на сигнал | HDTV<br>NTSC боја, EIA стандарди<br>PAL боја, CCIR сстандарди |
| Напојување: | Батерија на полнење, 3.6 V (NP-BX1)<br>USB, 5.0 V |
| Батерија на полнење NP-BX1: | Максимален напон на полнење: DC 4.2 V<br>Максимална струја при полнење: 1.89 A |
| USB полнење: | DC 5.0 V, 500 mA/800 mA |
| Отпор.на прскање: | IPX4 (врз основа на наши тестирања) |
| Работна температура: | -10 °C до +40 °C (14 °Fдо 104 °F) |
| Температу. на чување: | -20°C до +60 °C (-4 °F до +140 °F) |
| Димензии (Приближ.): | 29.4 mm × 47.0 mm × 83.0 mm (1 3/16 in. × 1 7/8 in. × 3 3/8 in.) (Ш/В/Д, со испакнати делови и без испорачаното Подводно куќиште) |
| Маса: | Приближ. 84 g (3.0 oz) (само главно куќиште) |
| Тежина при користење: | Приближ. 109 g (3.9 oz) (со батеријата, без испорачаното Подводно куќиште) |

### HDR-AS50

| | |
|---|---|
| Формат на сигнал | HDTV<br>NTSC боја, EIA стандарди<br>PAL боја, CCIR стандарди |
| Напојување: | Батерија на полнење, 3.6 V (NP-BX1)<br>USB, 5.0 V |
| Батерија на полнење NP-BX1: | Максимален напон на полнење: DC 4.2 V<br>Максимална струја при полнење: 1.89 A |
| USB полнење: | DC 5.0 V, 500 mA/800 mA |
| Работна температура: | -10 °C до +40 °C (14 °F до 104 °F) |
| Температу. на чување: | -20°C до +60 °C (-4 °F до +140 °F) |
| Димензии (Приближ.): | 24.2 mm × 47.0 mm × 83.0 mm (31/32 in. × 1 7/8 in. × 3 3/8 in.) (Ш/В/Д, со испакнати делови и без испорачаното Подводно куќиште) |
| Маса: | Приближ. 58 g (2.0 oz) (само главно куќиште) |
| Тежина при користење: | Приближ. 83 g (2.9 oz) (со батерија, без испорачаното Подводно куќиште) |

- Дизајнот и спецификациите се предмет на измена без претходна најава за понатамошни ажурирања.

### За заштитните знаци
- XAVC S и XAVC S се регистрирани трговски марки на Sony Corporation.
- Memory Stick и MEMORY STICK се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на Sony Corporation..
- Термините HDMI и HDMI High-Definition Multimedia Interface, HDMI логото се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на HDMI Licensing LLC во САД и други земји.
- Mac е регистрирана трговска марка на Apple Inc. во САД и други земји.
- Android и Google Play се заштитни знаци на Google Inc.
- iPhone е заштитен знак или регистрирана трговска марка на Apple Inc.
- Wi-Fi, Wi-Fi логото, Wi-Fi PROTECTED SET-UP се регистрирани трговски марки на Wi-Fi Alliance.
- N ознаката е заштитен знак или регистрирана трговска марка на NFC Forum, Inc.во САД и други земји.
- Adobe, Adobe логото и Adobe Acrobat се или регистрирана трговска марка или заштитен знак на Adobe Systems Incorporated во САД и/или други земји.
- microSDXC логото е заштитен знак на SD-3C, LLC.
- Bluetooth® знакот и логото се регистрирани заштитни знаци сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и било какво користење на ваков знак од Sony Corporation е со лиценца. Други заштитни знаци и трговски имиња се на нивните соодветни сопственици
- QR Code е регистриран заштитен знак на DENSO WAVE INCORPORATED.

Како додаток, името на системот и производот во ова упатство, генерално, се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на нивните сопственици или производители. Сепак, ™ или ® ознаките може да не се опишани во ова упатство.

### За GNU GPL/LGPL применет софтвер
Софтвер што е прифатлив за селдната GNU General Public License (во понатамошен текст наречен како "GPL") или GNU Lesser General Public License (во понатамошен текст наречен како "LGPL") се вклучени во камерата. Ова ве информира дека имате право да пристап, да менувате и редистрибуирате изворен код за овој софтверски програм под услови на испорачаниот GPL/LGPL.
Изворниот код е објавен на интернет. Користете го следниот URL да го преземете.
http://oss.sony.net/Products/Linux
Ние препорачуваме да не не контактирате за содржината на изворниот код.
Копии од лиценци (на англиски) се зачувани на внатрешната меморија на камерата.
Воспоставетеа Mass Storage поврзување меѓу камерата и компјутер и прочитајте ги фајловите во "LICENSE" папка во "PMHOME."

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**За намалување на ризик од пожар или електричен шок,**
**1) уредот не го изложувајте на дожд или влага.**
**2) врз апаратот не ставајте предмети полни со течности, како на пр. вазни.**

Не ги изложувајте батериите на прекумерна топлина како сонце, пожар или сл.

## ⚠ВНИМАНИЕ

### Батерија
Ако батеријата не е третирана правилно, батеријата може да експлодира, да предизвика пожар и изгореници. Внимавајте на следниве предупредувања.

- Не ја расклопувајте.
- Не ја кршете и не ја изложувајте батеријата на никаков шок или сила како на пр. удирање, паѓање или нагазување.
- Не правете краток спој или не дозволувајте метални предмети да дојдат во контакт со терминалите на батеријата.
- Не ја изложувајте на температура над 60°C (140°F) како на пр. директна сончева светлина или во автомобил паркиран на сонце.
- Не ја палете или фрлајте во оган.
- Не држете оштетена батерија или батерија која тече.
- Батеријата полнете ја со помош на оригинален Sony полнач за батерии или уред кој може да ја полни батеријата.
- Батеријата држете ја подалеку од дофат на мали деца.
- Батеријата одржувајте ја сува.
- Батеријата заменете ја со иста или соодветен тип на батерија препорачан од Sony.
- Фрлете ја батеријата како што е опишано во ова упатство.

### AC адаптер (одделно се продава)
Користете штекен во близина кога користите AC адаптер (одделно се продава). Откачете го AC адаптерот (одделно се продава) од штекер веднаш ако забележите дефект додека го користите апаратот.

## За купувачите во Европа

### Забелешка за купувачите во земји кои ги применуваат ЕУ директивите
Производител: Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Јапонија
За усогласеност на производот со ЕУ: Sony Belgium, bijkantoor van Sony Europe Limited, Da Vincilaan 7-D1, 1935 Zaventem, Белгија

### Забелешка
Ако статичен електрицитет или електромагнет предизвика прекин припрефрлањето податоци, рестартирајте ја апликацијата или откачете и повторно поврзете го кабелот за комуникација (USB и т.н.).

CE

Со ова, Sony Corporation, изјавува дека оваа опрема е во согласност со основните барања и други соодветни одредби од Директивата 1999/5/EC. За детали, пристапете на следната URL:
http://www.compliance.sony.de/

Овој производ е тестиран и е во согласност со ограничувањата поставени во EMC регулативата за користење на продолжен кабел пократок од 3 метри (9.8 feet).

Електромагнетни полиња при одредени фреквенции може да влијаат врз сликата и звукот на овој уред.

### Исфрлање на батерии (апликативно во Европската Унија државите со посебни колективни системи за рециклирање)
Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад. Некои батерии може да се означени со хемиски знак.
Хемискиот симбол за жива (Hg) или олово (Pb) се ставаат на батерии кои содржат повеќе од 0.0005% жива или 0.004% олово. Со правилно исфрлање на батериите, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. Во случај да уредот треба да е постојано поврзан со вградената батерија, за зачувување, безбедност или интегритет на податоците, оваа батерија треба да се заменува само од квалификуван сервисен персонал. За да обезбедите правилен третман на батериите, однесете ги при крај на нивниот животен век во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За правилно и безбедно отстранување на сите типови батерии од апаратот, прочитајте го упатството за вадење на батериите од уредот. Однесете ги батериите во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За подетални информации околу рециклирањето на батериите, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.